Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 05.06.2020

На 04.06.2020 околу 10.40 часот на ул.„Илинденска" во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода Е.И.(34) од с.Чегране, гостиварско, поради тоа што по вербална расправија со остар предмет му нанел неколку удодни рани на Б.А.(37) од истото село. Б.А. бил пренесен во Ургентен центар Гостивар каде му била укажана лекарска помош. Е.И. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Гостивар, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.06.2020 во 14.45 часот на влез во Р.С.Македонија, при контрола во товарно возило „ман" со охридски регистарски ознаки, управувано од А.А. (50) од с.Горенци, општина Дебарца, царински службеници ја пронашле Л.Л. (20) од Р.Албанијаскриена во кабина на возилото. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.06.2020 во 17.40 часот кај стариот градски „Зелен пазар" во Виница, претходно паркирано товарно возило „застава" без регистарски ознаки се придвижило и удрило во две лица. Притоа, од здобиените повреди на местото починала З.А.(47) од Струмица, додека едно машко лице било пренесено Медицински центар Кочани за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициската станица Виница.

На 04.06.2020 во 16.30 часот на крстосницата од ул.„Никола Тесла" и ул. „Руѓер Бошковиќ" во Скопје, патничко возило „тојота" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Ѓ.(28) од Скопје, удрило во велосипед управуван 17-годишен малолетник од Скопје. По незгодата велосипедистот бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 03.06.2020 во 19.45 часот на регионалниот пат Струмица-Берово, делница с.Дабиле-с.Петрилинце, Ј.Д.(33) од с.Дабиле, управувајќи мотоцикл „Хонда" без регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. По незгодата, мотоциклистот бил пренесен во Јавната здравствена установа Струмица каде му биле констатирани тешки телесни повреди и му била укажана лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Струмица.

На 04.06.2020 во Полициската станица Карпош, вработена во Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено здравје - организационата единица Влае пријавила дека нивната штитеничка М.С.(17), за која на 30.05.2020 беше пријавено дека се оддалечила од установата, се вратила во домот.
На 04.06.2020 во Полициската станица Карпош, вработена во Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено здравје - организационата единица Влае пријавила дека нивната штитеничка М.С.(17), за која на 03.06.2020 беше пријавено дека се оддалечила од установата, се вратила во домот.

На 04.06.2020 во 22.57 часот во СВР Штип, М.С.(32) од с.Русиново, беровско пријавила дека настанал пожар во атар на с.Русиново во кој горела шума. Пожарот бил изгаснат од екипи на Територијалната противпожарна единица Берово и Шумското стопанство „Малешево" – Берово. Повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 04.06.2020 во 16.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека во с.Другово, кичевско, Ц.З.(54) од селото, додека извршувал работи на нива со мотокултиватор ја исекол ногата и од здобиените повреди починал на местото. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 04.06.2020 во 13.50 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.П.(41) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" била касната од куче скитник.

На 04.06.2020 во 14.25 часот во Полициската станица Карпош, А.Т.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Миле Поп Јорданов" била касната од куче скитник.

На 04.06.2020 во 04.00 часот на автопатот Велес-Скопје, после пунктот „Македонија пат" после Велес, полициски службеници пронашле 25 илегални мигранти и три патнички возила – „ауди", „фоклсваген" и „мерцедес"(било превртено), сите со скопски регистарски ознаки. Претходно, возилата биле забележени кај Демир Капија и не застанале на дадем знак за запирање продолжиле со движење кон Скопје. Во разговор со полициските службеници мигрантите појасниле дека биле симнати од трите возила. Увид на местото извршила екипа од СВР Велес и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2020 во 13.45 часот во ОВР Прилеп, вработен во ЕВН Македонија пријавил дека на екипа на ЕВН, која имала работен налог за смена на броило на ул.„Беровска" во Прилеп, чиј корисник е А.Р.(59), од поголема група на граѓани биле навредувани и им биле упатувани закани дека со секира ќе им ги скршат возилата. Според пријавеното, додека го менувале броилото, едно женско лице ги попречувало во работата, по што се качиле во возилата и го напуштиле местото, без да ја завршат целосно предвидената работа. ОВР Прилеп презема мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2020 околу 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено има пукање во угостителски објект на ул.„Џон Кенеди". Полициски службеници излегле на местото и во разговор со нив сопственикот на објектот Б.Х.(36) изјавил дека три лица меѓусебно се расправале во моментот додека ги послужувал. Според неговата, пријава, веднаш потоа тие излегле надвор и по кратко време се слушнале неколку истрели. На местото биле пронајдени четири чаури. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 04.06.2020 во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.00 часот во с.Трубарево, скопско, Р.Б.(72) во семејниот дом со чекан го нападнал неговиот син Ј.Б.(46) и му нанел повреда на главата. Ј.Б. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде му биле констатирани тешки телесни повреди и му била укажана лекарска помош. Р.Б. бил лишен од слобода и приведен во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.06.2020 околу 22.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Борис Трајковски", по вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу лицата М.И.(48), С.М.(53) и М.Н.(56), сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.06.2020 околу 14.00 часот во СВР Охрид бил приведен С.Д.(53) од Охрид поради постоење сомнение за неовластено снимање и омаловажување на полициски службеници кои преземале службени дејствија во близина на охридското село Подмолје. Истиот ден околу 19.00 часот во Полициската станица Охрид, С.Д. пријавил дека при приведувањето полицискиот службеник му нанел тешки телесни повреди на десната рака, констатирани во Општата болница во Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2020 во 09.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.С.(42) од с.Волково, скопско, пријавила дека во селото нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 04.06.2020 во Полициската станица Кичево, К.Г.(54) од Кичево пријавил дека на булевар „Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.